[Прес соопштение] МЦМС спроведе повеќе истражувања за прашања од општествен интерес, меѓу кои и ставовите за решение на билатералниот спор на Македонија со Грција .

| Став | Прв најдобар | Втор најдобар | Најмалку прифатлив |
|---|---|---|---|
| Решение за спорот е прифаќање **ново име за сите употреби.** | 10,5 % | 10,2 % | 26,9 % |
| Решение за спорот за името е употреба на **договорено име во сите меѓународни комуникации**, додека Република Македонија би било само за домашна употреба. | 2,9 % | 3,7 % | 25,2 % |
| Решение за спорот за името е употреба на **договорено име во меѓународните организации** (ОН, НАТО, ЕУ и др.), додека другите земји би не условувале по сопствен избор и договор. | 12,3 % | 11,0 % | 7,6 % |
| Решение за спорот е употреба на името **Република Македонија во домашна и меѓународна комуникација, а Грција може да употребува друго име**. | 25,0 % | 31,9 % | 7,4 % |
| Македонија не треба да прифати **никаква промена**. | 48,4 % | 16,1 % | 15,7 % |
| Без одговор | 1,0 % | 27,0 % | 17,1 % |
| Вкупно | 100 % | 100 % | 100 % |

Истражувањето покажа дека половина од граѓаните се против каква било промена, четвртина за „двојната формула“ и четвртина за едно од три други решенија. Најмалку прифатливи се решенијата за ново име за сите употреби или договорено име за сите меѓународни комуникации. За 15,7 % од граѓаните е неприфатливо Македонија да не прифати никаква промена.

Разликите во однос на ставовите се јавуваат на етничка основа, но не и на партиска основа. Никаква промена (60,2 %) и „двојната формула“ (28,3 %) се два најприфатливи избори за етничките Македонци. Тие заедно чинат 88,5 %. Ново име (31,3 %) и договорено име во меѓународните организации (28,6 %) се два најприфатливи избори за етничките Албанци. За етничките Македонци ново име за сите употреби е најмалку прифатлив избор, а за етничките Албанци најмалку прифатлив избор е никаква промена. Мнозинството на симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, како и на граѓаните кои не се симпатизери на политички партии се одлучиле за никакви промени како прв

најдобар избор кој ги одразува нивните ставови.

Потребен е зголемен дијалог меѓу двете најбројни заедници во Македонија. Никаква промена е прв најприфатлив избор за 60,2 % од етничките Македонци, а истиот е најмалку прифатлив за 40,5 % од етничките Албанци.

Северна, вардарска и горна се неприфатливи географски придавки/додавки за мнозинството граѓани. Во однос на ставовите, се повторуваат разликите на етничка и партиска основа.

Граѓаните кои не прифаќаат ниту една од прашаните придавки/додавки (60,9 %) се повеќе од граѓаните за кои најдобар избор е „никаква промена“ (48,4 %). Разликата може да се толкува дека за граѓаните се поприфатливи други придавки/додавки кои не се поставени во анкетата. Но, поверојатно е дека тоа е во сооднос со збирниот број на граѓани од 64,5 % на кои прв најдобар и втор најдобар избор им е „никаква промена“ или со збирниот број на граѓани од 73,4 % на кои прв најдобар избор им е „никаква промена “ и „двојната формула“.

Владата и Собранието со мандат за одлучување, а секој трет граѓанин поддржува „рамковен формат“. Постои поделеност во однос на потребата за одржување советодавен референдум меѓу граѓаните кои се за со 54,4 % и граѓаните кои се против и не знаат.

Прашањето е поставено во рамките на теренска анкета - лице во лице, во домаќинствата во декември 2010 г. на репрезентативен примерок од 1.050 испитаници. Популациската рамка на примерокот беше население постаро од 18 години, а критериуми за репрезентативност беа: пол, етничка припадност, возраст, место на живеење и региони.

Теренската анкетата за МЦМС ја спроведе Институтот за социолошки и правно-политички истражувања (ИСППИ).

 

 Ставови на граѓаните за решение на билатералниот спор на Македонија со Грција